# ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

Бр. 6-7
Струмица, 2021

Конески



# ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА,
КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

**6-7**

6-7/2021

# ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

**Издавач:**

Друштво за наука, литература, култура и уметност

„Иван Василевски“ - Струмица

**Главен и одговорен уредник**

Ана Витанова – Рингачева

**Уредници**

Сузана Мицева
Далибор Плечиќ

**Редакција**

Никола Шимиќ - Тонин (Хрватска)
Марија Павловиќ (Србија)
Урсула Келер (Австрија)
Олга Лалиќ – Кровицка (Полска)
Васил Дрвошанов (Македонија)

**Лектура**

Васка Кирова

**Дизајн на корица**

Ване Костуранов

Списанието ЗЕНИТ е финансирано од Министерството за култура на Република Северна Македонија и од буџетот на Општина Струмица.

# СОДРЖИНА


**СЛИКА ПРВА.....7**

АНА ВИТАНОВА - РИНГАЧЕВА. ГОДИНАТА 2021.....13

НЕ СУМ ОСАМЕН ВО СВЕТОТ (Интервју на Христо Петрески со Блаже Конески).....23

ГО НЕМАМЕ ГОЛЕМИОТ ЧОВЕК МЕЃУ НАС (Интервју со проф. д-р Вера Стојчевска - Антиќ.....24

ДЕЛОТО НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ СЕКОГАШ БАРА НОВИ ПРИОДИ И ПРОУЧУВАЊА (Интервју со Атанас Конески, секретар на Фондацијата за македонски јазик „Небрегово“).....40

Олга ПАНКИНА. СО ПОЧИТ КОН ДЕЛОТО НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ (Мој придонес во популаризацијата на делото на Конески во Русија).....44

Васил ТОЦИНОВСКИ. МОИТЕ ПРОФЕСОРИ.....51

Иван АНТОНОВСКИ. „ГЛАДНА КОКОШКА ПРОСО СОНУЕ“ КАКО КНИЖЕВНА И КУЛТУРОЛОШКА НЕСЛУЧАЈНОСТ (Обид за препрочитување на единствениот објавен драмски текст на Блаже Конески).....64

Марија ИВАНОВА. „ЈАЗИКОТ Е НАШАТА ЕДИНСТВЕНА НЕПОДЕЛЕНА ТАТКОВИНА“ (По повод 100-годишнината од раѓањето на Блаже Конески).....71

Валентина ТРАЈАНОВСКА. ЗА КОНЕСКИ ВО ТЕГЛИЧКА СО СИНТАКСИЧКА КАША.....78

Марија БРНДЕВСКА. БЛАЖЕ КОНЕСКИ ЗА НАЦИОНАЛНОТО ПРЕЖИВУВАЊЕ....83

Ѓорѓи ЗИМБАКОВ. ДОБАР КАКО МАЈКА.....85

Елена СОКОЛОСКА. НЕ ВЕРУВАМ ДЕКА НЕКОЈ ЌЕ МИ ПОВЕРУВА.....91

Милена РИСТОВА-МИХАЈЛОВСКА. НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ.....94

Христо ПЕТРЕСКИ. АНГЕЛОТ ОД НЕБРЕГОВО (десет пеења за единствениот и неповторливиот Блаже Конески).....102

**СЛИКА ВТОРА.....107**

**I ПОТРАГА ВО ДВА НОСА.....108**

ДУХОВНОСТА Е ЕДИНСТВЕНИОТ НАЧИН ДА СЕ СПАСИМЕ ОД СЀ ПОАГРЕСИВНИОТ И ПОСТОЈАН НЕДОСТИГ И БЕДНОСТ, СО ПОВТОРУВАЧКАТА НЕПРАВЕДНОСТ И НИСКИТЕ ВИБРАЦИИ НА ЖИВОТОТ (Интервју со Владимир Зарев, писател и универзитетски професор).....110

ПИСМЕНА КОРЕСПОНДЕНЦИЈА ПОМЕЃУ МОНИК ШВИТЕР И НИКОЛА МАЏИРОВ.....119

**II ПРУГА**

Радмила ПЕТРОВИЌ (Србија).....128

Катарина САРИЌ (Црна Гора).....131

Искра ПЕНЕВА (Србија).....135

Бреда СЛАВИНЕЦ (Словенија).....136

Ибрахим ОСМАНБАШИЌ (Босна и Херцеговина).....138

Јернеј КУСТЕРЛЕ (Словенија).....141

Вонбјошт ВАНГ (Фарски острови).....143

Марам АЛ-МАСРИ (р.Сирија, живее во Франција).....145

Наталија НЕДЕЛКОВА (Бугарија).....147

Лејла КАЛАМУИЌ (Босна и Херцеговина).....149

Лана БАСТАШИЌ (Србија).....153

Зорница ГАРКОВА (Бугарија).....156

Лалка БЕНЃУЗОВА (Бугарија).....162

**III ГУНА.....164**

Љулзим ХАЗИРИ.....166

Катерина ПАНОВ-КОЖАРОВ.....170

Митко ГОГОВ.....171

Тихомир ЈАНЧОВСКИ.....173

Далибор ПЛЕЧИЌ.....174

Даниела АНДОНОВСКА-ТРАЈКОВСКА.....176

Дејан КРСТЕСКИ.....178

Павлина АТАНАСОВА....180

МартинаДАНИЛОВСКА....182

Александра САРКОСКА....184

Верица АРАПОВА....186

Тони ЏОРЛЕВ....188

Марина ДАНИЛОВСКА....190

Ѓургица КОСТАДИНОВСКА....193

Игор ПОП ТРАЈКОВ....196

Елена ПЕТКОВСКА....200

Златка ПЕТРОВА....202

Вангели ПЕТРУШУ....204

Усние АСАНОСКА....205

Михаела СТЕФАНОВСКА....207

**IV П(Р)ОГЛЕДИ....208**

Ана ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА. ЧУДОВИШТЕТО ВО НАС! (Одгласи по прочитот на романите „Пропаст“ и „Чудовиштето“ од Владимир Зарев и преведувачкиот подвиг на Бранислав Мирчевски)....210

Ариан ЛЕКА. ИСТРЕБУВАЊЕТО НА ДРУГИОТ ОД МЕТЕОРОЛОШКАТА КАРТА..224

Сузана МИЦЕВА. ИВАН КОТЕВ – ПОЛОВИНА ВЕК ЧУВАР И ЗАПИСНИЧАР НА НАРОДНИОТ БИТ....231

Соња ЕНЏЕКОВА-СОПОТСКА. ФЕНОМЕНОЛОШКИОТ АСПЕКТ НА ЖРТВАТА ВО МАКЕДОНСКИОТ ПОЕТСКИ ФОЛКЛОР....235

Стево ПАВЛОВСКИ. ФЕНОМЕНОТ НА ПЦОВКИ И ВУЛГАРНИ ЗБОРОВИ ВО ДРАМСКИОТ ДИСКУРС НА ДЕЈАН ДУКОВСКИ....245

Сузана МИЦЕВА. СТИХ УЛОВЕН ВО ОД (Кон поетската збирка „Усменија“ од Мариета Дукиќ)....256

Снежана СТОЈЧЕВСКА. КОН ПОЕТСКАТА КНИГА „ГОЛЕМАТА ПРЕГРАТКА“ ОД ПАВЛИНА АТАНАСОВА....258

**V АРТитектура....261**

Никола ПИЈАНМАНОВ. СТО ГОДИНИ ТВОРЕЧКА САМОТИЈА....264

Софија и Горан ТРЕНЧОВСКИ. НОВИ МОТИВАЦИИ, ДВИЖЕЊА И ПАТЕКИ. Еден пандемиски преглед на „Астерфест“....266

# Ана ВИТАНОВА – РИНГАЧЕВА

# ГОДИНАТА 2021

Се случи така, годината во која се навршуваат сто години од раѓањето на македонскиот исполин, великанот на македонската јазична и книжевна мисла, Блаже Конески, да ја дочекаме со одземена сила, на себе носејќи ги крилјата поткршени и снеможни, што да не можат да нѐ кренат во височините. А таму бевме, летавме умислени дека сме преголеми и дека висините се наши, одамна сме ги освоиле со желба да полетаме уште повисоко, поблиску до божјите предели, налик на вавилонски градители. Се случи ние, потомците на блажеконеското „смачкано племе“ на стогодишнината од неговото раѓање, повторно да го отвориме старото ковчеже, во кое со векови стои тапијата, онаа за која зборуваше Конески велејќи:„ќе ни бараат `тапија` за имотот (јазикот), како кога на селанецот што со векови од дедо-прадедо ја обработувал својата земја и го превртел и знае секое нејзино грутче му се бара поседовен лист, па и тоа дека е тешка раката што плаќа за маката“.

Цивилизираниот човек живее во воздејство со јазикот, за него сѐ е јазик и јазикот е сѐ.  Во јазикот се обединува материјалната и духовна култура на човештвото, јазикот е производ на таа симбиоза, нераскинливо единство на двете материи.Тургенев рекол: „Во денови на размислување за судбината на својата татковина, јазикот ми е голема потпора; тој голем, моќен, вистинит и слободен јазик“. Еден народ зрее и созрева преку јазикот, таму во длабочините на јазикот се сокриени сите негови таги, радости, историски и лични неправди, дилеми и размисли, маки и прегрешенија. Во јазикот се чува нашето колективно паметење, јазикот ги чува песните, приказните, легендите... Сета литература создадена на македонски јазик всушност е нашиот отпечаток преку кој сме препознаени како посебен народ на Балканот, во Европа и во светот. Македонскиот јазик е архивот на македонската духовна и материјална култура. Тој е трезорот на вредното наследство, на архетипските слики наследени од нашите предци. Зарем тоа може некој да ни го земе, да го негира и обезвредни?! Во јазикот е нашето паметење. А возможно ли е да се живее без историското (колективното) и лично паметење?!

Кодификацијата на современиот македонски јазик се случува на Илинден 1944 година, донесувањето на одлуката за македонската азбука се носи на 5 мај, а за правописот на 7 јуни 1945 година. Всушност, македонскиот јазик преку чинот на кодификација се озаконува како книжевна и јазична норма во чиишто рамки ќе се одвива општествената и институционална развојна линија на новото македонско

општество, на македонскиот народ и држава како рамноправни чинители на новите цивилизациски текови. Но, македонскиот јазик не се создал во мигот на кодифицирањето, тој има своја предисторија, своја развојна линија што започнува од втората половина на 9 век до втората половина на 20 век. Јазикот живее отаде секој закон, норма, канон....Јазикот природно се раѓа низ живата народна реч, таму е врутокот, а кодификацијата е насипување на брегот и контрола на коритото каде што водата треба да тече, спокојно и по сите узуси на природата. Уште Сосир ни укажа на разликата меѓу јазикот како граматички систем и говорот како жива реч. Јазикот е народот што го зборува, додека е жив и последниот говорител, јазикот ќе постои.

Јазикот искри од народното творештво, таму е длабокиот рудник на јазично богатство, таму започнува да се создава културната меморија на македонскиот народ. Нашиот човек, сопствениот пораз го оплакувал на македонски јазик, пеел и додека војувал, се радувал на победите, тагувал, но и колнел на македонски, на јазикот на кој научил да сака, но и да НЕ заборава, кој и кога посегнал по неговото најсвето. И така, со векови ја носиме во наследство кармата дека сме во срцето на Балканот и дека злото катаноќ дреме на пусија, во страв да не пламне одново. Зарем сонот за присвојување на нешто што природно не ти припаѓа, не е само заблуда изродена од чувството на тоа дека, еден народ има надмоќ над другиот?! Зарем на Балканот не му беа доволни сите кошмари од кои се будеше средноќ, а кои веќе следното утро стануваа војна?! Нашето задумие ги чува живи сликите на колективните ни премрежиња, трауми и болки. Никогаш не било, ниту денес не е лесно да се биде Македонец, без притоа постојано да си во грч и немир, дека некој одново ќе се дрзне да каже дека не постоиш.

Но, богата ни е историјата и како што вели академик Старделов *„во историјата на книжевноста, како и во историјата на еден национален јазик постојат епохални коперникански периоди“.* Според него, целокупната историја на македонската книжевност ја проследуваме низ пет историски епохи на македонската книжевност и јазик: епоха на св. Климент Охридски, на Димитар Миладинов, на Крсте Петков Мисирков, на Кочо Рацин и епоха на Блаже Конески, сите дејци на големите историски, јазични и културолошки пресврти во македонската културна историја. Последниот од нив, Блаже Конески е лингвистот, научникот, книжевникот, поетот којшто му даде смисла на македонскиот XX век. „Со него - вели Стаматоски, завршува многугодишната борба на најголемите умови на македонскиот народ за свој литературен јазик и за изградба на своја култура врз еден општоприемлив стандард, но со него истовремено започнува слободното и вистински сопственото проучување на разни аспекти на македонскиот јазик и тоа, врз солидни научни основи.“Токму тие научни основи Конески ги постави пишувајќи ги: „Македонскиот правопис и правописен речник“, „Граматиката на македонскиот литературен јазик“, „Речникот на македонскиот јазик“ , „Историјата на македонскиот јазик“, многу монографии, огромен број научни трудови, прилози и сл. Неговиот опус оп-

фаќа околу 750 авторски позиции од кои, 270 посветил на лингвистиката, 250 на книжевната наука, што за еден човечки век е премногу. Зарем е возможна толкава интелектуална издашност и колку сме способни да го осознаеме фактот дека на неполни 23 години Конески бил член на Комисијата за изготвување на македонската азбука и правопис?! Конески е човекот којшто гледаше визионерски, наспроти неговиот слаб и морен вид, дека македонскиот јазик е јазикот на една *„млада полетна литература што со секој ден се поплодотворно се разгранува“.*

Тој е чувар на духот на нашиот културен континуитет, поетот кој толку силно нурна во мракот на сите наши колективни и лични стравови, трауми и премрежиња, оној кој со стих се обиде да ги заузда сите разбеснети буици. Конески преку својот силен збор „макар на непризнат јазик“, нè издигна високо, нè поткрена за да го видиме светот. Конески ги ископа пораките напластени некаде длабоко во „темните простори на македонското историско време“, оттаму крикна и рикна неговата песна. Конески знаел дека да се биде чувар на македонските бедеми, значи да се биде на удар од налетот на сите небулозни негирања, противречности, неправди, па и колективни трагедии. Неговата поезија е неговата битка, онаа последната, водена на присојна ледина, на Песјо Брдце. Неговите неспокојства не беа само негови лични приказни, тие беа изродени од чувството на немир поради неправедните атаци што неговиот, македонскиот народ и јазик постојано ги трпеа, а ги трпат и денес. Го обеспокојувале нападите однадвор, но ми се чини дека многу повеќе го болеле и силно го повредувале нападите од своите, од блиските, од оние кои со паганска мисла фрлале анатема врз неговото дело.

Тој неуморен копаничар на зборот сосема свесен за човековата минливост, знаел дека човекот го заслужува сопственото величие само преку делата. И тогаш кога полека го напуштале физичките сили, кога одот станувал тежок и бавен, видот морен и толку слаб, духовната сила никогаш не го напуштила. Таа дишела заедно со него, го крепела чинам и тогаш кога беспоговорно ѝ се предавал на смртта. Мојата генерација немаше привилегија лично да го запознае професорот Конески, но затоа, секојдневно читајќи го неговото дело, тој продолжува да биде наш учител. Вреди да се запрашаме: Колку врвици разгази Конески? Колку болки одболува заедно со стихот? Со колку бодликави круни го крунисаа?

Денес, погласно од кога и да било во историјата, стиховите на Конески нè опоменуваат дека не смееме да заборавиме да се свртиме назад, да погледнуваме наназад како што велеше самиот тој, таму во минатите времиња се чува она што нè обврзува сега и утре. Иронија ли е или игра на судбината на 100 - годишнината од неговото раѓање, неговиот сакан народ повторно да се соочува со рецидиви од некои минати болештини кои само навидум биле зацелени. Блажевиот народ, македонскиот народ денес се обидува да му докаже на светот дека македонскиот јазик е беспоговорна вистина и реалност и дека тоа е единственото право што безусловно му припаѓа. Делото на Конески е парадигма на којашто се повикуваме за да го

докажеме она што е чиста аксиома дека македонскиот јазик е јазик со длабока традиција и своја историја.

Блаже Конески нè откри во дамарите на нашето вековно траење. Со прометејска итрина и храброст од традицијата го украде вечниот оган на живиот збор, ни го подари за да ги узнаеме со него вистините за себе и за светот. Блаже заминува во надеж „дека не е тукутака што сум бил подложен на таков искус и на таква една мака. Таа негова мака денес е наш одвет, со неа ликуваме, и по сто години во нас одново се раѓа гордоста дека Конески не бил „сејач на глуво семе“, туку бил потомок на народ кој поседува неразбирлива безрасудна тврдоглавост да пишува на мал јазик. Нема мали и големи мемории, вели Хегел, а нашиот Митко Маџунков низ зборовите на својот лик Кирил Водочки вели: *„Малиӣе народи“ и „малиӣе јазици“ се како скриениӣе ӣшици од дрвјаӣа: и невидливи ӣеаӣ. Ние не знаеме дали нивнаӣа ӣесна ќе сӣане чујна и разбирлива за цел свеӣ, но знаеме дека духовнаӣа вредносна мерка е единсӣвена, исӣа за сиӣе.*

Конески се чита и препрочитува, над неговиот збор се бдее, од неговиот збор се раѓа чувство на страв од тоа колку тој знаел да нè прочита, читач како него македонската книжевна историја сè уште не запишала. Уште долго ќе го читаме и препорочитуваме Конески, уште долго ќе цитираме одломки од неговите песни како верник кој наизуст ги знае стихови од молитвата. *„Ние луѓеӣо сме како ӣревана – ја ѓазаӣ, се задушува, ѓине, само земјаӣа осӣанува“* – сите ние еден ден ќе заминеме, но по нас останува нашата земја, каква ќе им ја оставиме на нашите потомци. Тие ќе судат и ќе знаат како да нè слават, но и како да нè осудат за ненаправеното. Јазикот е постар од сите, тој ќе нè надживее и ќе продолжи да дише во секој збор, на секоја следна генерација. Денес на големиот македонски празник 5 мај, денес стоте лета од првиот плач на новороденото дете на Коневци, во скромната небреговска одаја како сè уште да шкрипи звукот на стариот родан ткаејќи ја најмакедонската приказна. Затоа ќе завршам со зборовите на Славко Јаневски, *„Блаже никоѓаш не ќе е минаӣо!“ Тој е и денес со нас. Посилно од коѓа било досеѓа!*

Стариот џивџан Конески во песната „Македонските поети“ ќе рече:

*Каква судбина!*

*Да ӣи се чини дека ӣравиш*

*Најзалудна рабоӣа на свеӣов.*

А мојата маленкост, од сојот на младите голиштарци џивџани песнарии, токму со тоа чувство ја напиша песната „На Читачот“, посветена токму нему, на Конески.

# НА ЧИТАЧОТ

## *На Блаже Конески*

Јас те знам.
Не еднаш сум те сетила
како вадиш вода од тишјакот
за со неа да го полееш зборот.

Го правиш тоа ноќе
дур болот жили
дур немошница потајум
по коските лази.

Те узнавам тивко.
Стоиш пред мене
со поглед строг и јарост гласна.
Речи збор, опомена, укор!
Земи сор!
Потсечи ни ги
дивите ластари
тајум што се ластарат
во туѓ двор,
на туѓа меѓа.

И  молкум мислата гине
заспива ко дете во скутина.
Зарем требало да ѝ бидеш
јарка потпора на осамата,
со голи раце црква да градиш
правејќи пат низ честакот
на душата?!

Тиши зборот,
читачу!
Ноќта е млада.
Зажарува мугра.
Ново расткајување на денот!

Штип, 5 Мај 2021 год.

# ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

**Издавач:**

Друштво за наука, литература, култура и уметност

„Иван Василевски“ - Струмица

**Адреса**

Списание за наука, литература, култура и уметност „Зенит“
ул. „Стив Наумов“ бр.40 Струмица

**Е-адреса**

zenitspisanie@gmail.com
Тел: 071/245-155

**Трансакциска сметка**

Халкбанка: 270-0729532401-07

**Компјутерска и графичка подготовка**

Боро Рунчев

**Печати**

Европа 92, Кочани

**Тираж**

300

# ВЕЗИЛКА

Везилке, кажи како да се роди
проста и строга македонска песна
од ова срце што со себе води
разговор ноќен во тревога бесна?

- Два конца парај од срцето, драги,
едниот црн е, а другиот црвен,
едниот буди морничави таги,
другиот копнеж и светол и стрвен.

Па со нив вези еднолична низа,
песна од копнеж и песна од мака,
ко јас што везам на ленена риза
ракав за бела невестинска рака.

Судбинско нешто се плело за века
од двете нишки, два созвучни збора,
едната буди темница што штрека,
другата буди вкрвавена зора.



2.

Везилке, крени наведена лика,
погледај небо во претпладне златно:
се шари таму и чудесна блика
твојата везба на синото платно.

За тебе нема ни вечерен запад,
ти - морно око на трепетна срна.
Две бои таму ти горат и капат,
две шарки твои - црвена и црна.

Зар не се плашиш од јаркоста нивна,
и најмил спомен дека ќе ти згасат?
Зошто се губиш, ти строга, ти дивна,
дните ти минат, прокоби се гласат.

- И најмил спомен што в душа ми блеска
се гаси од нив ко цвеќе без боја.
Но ти што ловиш звук на чудна песна,
ти си ја кажа судбината своја.

ISSN 2671-3217